**ЗАПИСНИК**
**од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 28.03.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Димитар Тануров, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, 2-ри кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека предложениот Дневен ред при читањето ќе го надополни со уште една точка - Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, како Точка 7, која по меил им беше најавена на членовите на Советот во текот на вчерашниот ден.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот дополнет:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.03.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.03.2023 година.
3. Предлог-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
4. Предлог-став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2022 година.
5. Предлог за поништување на Решение за изрекување мерка јавна опомена.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Средства за хигиена.

7. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.03.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.03.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека на седницата која беше одржана пред една недела предложениот документ се разгледуваше во нацрт форма и бидејќи немаше забелешки и предлози по содржината, сега истиот се доставува како предлог документ. Во состав на Извештајот влегуваат Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2022 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2022 година, годишната сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2022 година, Ревизорскиот извештај од независниот ревизор за 2022 година и Ставот на Агенцијата кој ќе се разгледува како следна точка.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2022 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2022 година и годишната сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2022 година), со текст како што беше предложен.

Агенцијата да постапи во согласност со член 8 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21) и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2022 година. Објасни дека по направената ревизија од независен ревизор, Извештајот од нивна страна е доставен до Агенцијата. Во него има резерва во однос на две забелешки, од кој едната е дијаметрално спротивна со наводите од Државниот завод за ревизија и по постапените активности кои беа препорачани од Државниот завод за ревизија, а се однесува на земјиштето под деловниот објект на Агенцијата. Наведе дека во таа насока имал и неформален состанок со државниот ревизор кој останува на неговиот став кој го имаат дадено во Извештајот од Државниот завод за ревизија. Наспроти тоа независниот ревизор има сосема дијаметрално спротивен став во однос на земјиштето под објектот. Втората забелешка на независниот ревизор е тоа што заклучно со 31 декември 2022 година Агенцијата има побарувања од 2 милиони и 880 илјади денари кои што се постари од една година. Оваа забелешка ја имаше и во Извештајот пред неколку години кога се правеше ревизија од независен ревизор и кога се побара овие побарувања да бидат отпишани.

Г-дин Петрушевски објасни дека предлогот од директорот е да се утврди ставот како што е во материјалите, дека се согласуваат со независниот ревизор.

Г-дин Трајчев рече дека малку е збунет затоа што од една страна директорот рекол дека има контрадикторност помеѓу наводите од Државниот завод за ревизија и независниот ревизор, а од друга страна има предлог со кој треба да се согласат. Прашањето му е дали треба да се согласат со Извештајот од Државниот завод за ревизија или со Извештајот од независниот ревизор. Кој е нивниот став за него е малку нејасно, пред сè бидејќи сега ја добил информацијата дека има разлика во двата извештаи. Побара дообјаснување за да не се направи грешка при одлучување. Во врска со побарувањата, праша дали Агенцијата има преземено мерки и постапки во однос на побарувањата?

Г-дин Трајчевски во однос на побарувањата објасни дека се преземени сите мерки. За едното побарување е завршена постапката и бидејќи нема друг имот на должникот на Агенцијата му се одбива 30% од пензијата што ја добива, тоа ќе трае многу години, но нема друг начин во овој момент како да се изврши наплатата на тој долг. Што се однесува до Државниот завод за ревизија тој правеше ревизија во 2021 година за 2020 година. Како една од препораките беше земјиштето под објектот на Агенцијата да се вметне во билансите на Агенцијата. Тоа беше препорака и по таа препорака има постапено Агенцијата. Сега ставот на независниот ревизор е спротивен. Во разговор со независниот ревизор му објасниле дека земјиштето под зградата не може да биде ставено во платен промет бидејќи кој би купил земјиште на кое веќе има изградено зграда. По меѓународни сметководствени стандарди тој смета дека е така наспроти ставот на Државниот ревизор, меѓутоа и државниот ревизор и независниот ревизор имаат лиценца добиено од државата. Во другите држави во ЕУ постои можност сопственикот на земјиштето да ги обештети имателите на етажна сопственост над земјиштето и да ги исели на соодветно мести или да им плати надомест за тоа, ако се гледа по меѓународни стандарди. На пример, во Грција и Бугарија не се купува земјиште туку етажна сопственост и ако реши сопственикот на земјиштето може да ги исели, да им даде соодветен стан или пари, затоа што решил да гради на пример зграда. Сега во

нашиот случај има два спротивставени става на ДЗР и на независниот ревизор. Државниот ревизор доставува прво Нацрт-извештај на кој што Агенцијата може да достави забелешки, потоа тие забелешки ги разгледува Државниот завод за ревизија и доставува финален документ. Кај независниот ревизор е поинаку тој доставува финален документ и се поставува прашањето што ако Агенцијата не го прифати.

Г-дин Петрушевски му се обрати на директорот во врска со тоа што кажал дека Државниот завод за ревизија ова мислење го формирал во 2021 година за 2020-та година, а независниот ревизор го формира мислењето во 2023-та година за 2022-та година, и праша зошто сега воопшто после две години независниот ревизор дава мислење за мислењето на Државниот завод за ревизија?

Г-дин Трајчевски објасни дека независниот ревизор не дава мислење на мислењето на Државниот завод за ревизија. Тој при вршење на ревизија ги бара податоците за работењето на АВМУ. Во завршните сметки ги има тие податоци и постапувано е како што кажал Државниот ревизор. Автоматски тој ги гледа тие податоци. И ова не е случај само кај АВМУ, туку такво мислење дал и кај АЕК. Објасни дека нема АВМУ да постапи по мислењето на независниот ревизор бидејќи веќе Агенцијата постапи по мислењето на Државниот завод за ревизија. И сега Советот и Агенцијата и да не се согласат со Извештајот, сепак не може тој да се измени, останува како факт.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека кај сите државни институции кога таа година беше правена ревизија од Државниот завод за ревизија на сите институции им беше препорачано земјиштето под зградата да го стават во билансите. Ставот на независниот ревизор е дека ова земјиште ќе има вредност само доколку зградата се сруши од земјотрес и тогаш сопственикот на земјиштето ќе може да тргува со ова земјиште. До тој момент земјиштето е составен дел на зградата. Кога на пример ќе се продава објектот не може да се дава цена посебно за зградата а посебно за земјиштето под зградата, туку треба да се формира една цена. Во таа смисла не се согласуваат, и појаснил доколку земјиштето не е под зградата односно е двор и на тоа земјиште доколку се гради дополнителен објект тогаш тоа земјиште ќе има вредност.

Г-дин Фиданоски укажа на два моменти. Бидејќи веќе се отвори дискусија, според неговите лаички познавања за оваа материја, кога човек продава објект со дворно место, дворното место е вкупна квадратура во кој се наоѓа просторот под објектот, а се продава целосно заедно со објектот кој што има друга квадратура, така оди продажбата а не дека земјата не може да се продаде под зградата. Вториот момент е дека Агенцијата има објектот кој содржи и подземна гаража кој е составен дела од зградата и се користи, што се прави во тој случај? Објасни дека првично има дилема дали резервата на независниот ревизор е исправна, не тврди дека е во право, но има резерва во неговата констатација.

Г-дин Трајчев рече дека ова што го кажал г-дин Фиданоски од правен аспект може да се гледа различно, како право на користење, право на сопственост и сл. има различни начини како тоа може или не може да се трансформира, но овде се работи за финансиско прашање односно за сметководствено прашање, дали тоа треба да се книжи или не треба да се книжи. Во тој дел на финансиското прашање рече дека не се смета за доволно стручен за да одлучи што е исправно и како да се постапи. Предлогот во материјалите е да дадат мислење дека се согласуваат со Извештајот на независниот

ревизор во целост. Сега е малку збунет и не знае дали треба да се согласи затоа што еден државен орган кажува дека треба да биде на еден начин, а од друга страна има независна ревизорска куќа која вели дека треба да биде на друг начин При тоа има предлог дека треба Советот да се согласи со мислењето на независната ревизорска куќа, а не со државниот ревизор. Затоа е во дилема и бидејќи е на ваков начин предлогот, рече дека не може да гласа, нема став како да гласа.

Г-дин Петрушевски рече дека има два предлога. Првиот е да се прифати мислењето од независниот ревизор но не во целост, односно да се издвои делот во врска со земјиштето каде што не се согласуваат. Вториот предлог е да се одложи точката.

Г-дин Трајчевски рече дека нема можност да се одложи точката бидејќи Годишниот извештај треба да се подготви и достави до Собрание најдоцна до 31 март 2023 година.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со првиот предлог на г-дин Петрушевски. За него е прифатлив и смета дека таков став треба Советот да изгради, со формулација дека го прифаќаат Извештајот на независниот ревизор освен во делот за земјиштето под зградата.

Г-дин Трајчев рече дека правецот е во ред, но од друга страна не може да кажат дека не се согласуваат, можеби се во право, не се доволно стручни во таа област за да кажат дали е така или не е така. Предложи доколку се прави некаква формулација, не мора да стои дека се согласуваат, тоа не произлегува од Закон, може да го прифатат Извештајот и може да се каже дека Советот има резерва во делот на Точка 9 од Извештајот кај што има контрадикторност со мислењето на Државниот завод за ревизија и со независниот ревизор. Инаку формулацијата „се согласува" не мора да стои затоа што не се согласуваат.

Г-дин Петрушевски рече дека може формулацијата „се согласува" да се замени со „го прифаќа.." освен во тој дел каде што Советот има резерва затоа што можеби се во право или можеби не се во право.

Г-дин Петрушевски по предлог на Г-дин Фиданоски предложи да се направи кратка пауза заради понатамошни консултации.

Г-дин Петрушевски по кратката пауза, ја продолжи седницата. Објасни дека врз основа на претходните дискусии на членовите на Советот, директорот на Агенцијата и вработени од Стручната служба, предлогот е да се измени Предлог-ставот на Агенцијата со следните зборови: Агенцијата го прифаќа мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за 2022 година заверен во архивата на Агенцијата со бр.02-1149/2 од 23.03.2023 година со резерва во однос на мислењето со резерва на независниот ревизор за земјиштето под објектот на Агенцијата.

Овој предлог беше едногласно прифатен.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поништување на Решение за изрекување мерка јавна опомена. Објасни дека на една од претходните седници беше изречена јавна опомена на операторот КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, заради тоа што

реемитувал програмски сервис „Euronews Bugaria“ кој не беше опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата. По донесената мерка јавна опомена Агенцијата беше известена од операторот дека Еурoњуз Бугарија е новиот назив на Телевизија Европа откако е направено ребрендирање. Со ова не станува збор за нов програмски сервис за кој нема регулирано авторски права. Операторот за сето ова испрати допис и ново лого за да може системот да го идентификува ребрендираниот канал. Информира дека во меѓувреме имал и телефонски разговор со сопственикот на операторот, кој во меѓувреме го исклучил каналот. За да може и во иднина да го реемитува потребно е да се поништи Решението за јавна опомена донесено од страна на Советот. Наведе дека Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права изготви Коригиран писмен извештај за извршен програмски надзор со кој се констатира дека при извршениот програмски надзор нема прекршувања.

Г-дин Трајчев во однос на формулацијата во Предлог-решението каде се вели „се огласува за ништовно“, рече дека треба да пишува „се поништува“ .

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека управниот акт кога се поништува и се огласува за ништовен ефектот е ист, се поништува и управниот акт и последиците кои што се произлезени. Се изјасни дека го прифаќа предлогот да се стави „се поништува“.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение со кое се поништува и огласува за ништовно во целост Решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитување на програмски сервис Уп1 бр.11-115 од 14.03.2023 година.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права изготви Коригиран писмен извештај за извршен програмски надзор бр.11-1091/3 од 23.03.2023 година на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, со кој се констатира дека при извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Средства за хигиена. Објасни дека станува збор за редовна набавка која се спроведува тековно. Според износот на средствата ќе се спроведе како набавка од мала вредност а договорот кој ќе произлезе ќе се склучи за временски период од 2 години. Останатите податоци се наоѓаат во доставените материјали по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Средства за хигиена, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Средства за хигиена е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023

година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово. Објасни дека овој радиодифузер уплати поголем дел од износот од доставената фактурата односно уплатил 148.365,00 денари и му остануваат да доплати уште 10.000,00 денари. Од таа причина бидејќи се поминати сите законски рокови се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата, со надеж дека во следните 15 дена ќе го плати целиот износ.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, бр.08-626 од 18.03.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1377/1 од 24.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, бр.08-626 од 18.03.2015 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.**02-1364/7

10-04-**2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**